Почитувани претставници на граѓанските организации,

Ви благодариме на интересот за учество на Повикот до граѓанскиот сектор за придонес во подготвувањето на Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2021 година. Пополнетиот образец (заедно со прилозите, доколку ги има) доставете го до Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, електронски на адреса **nvosorabotka@gs.gov.mk со назнака Иницијатива за ГПВРСМ 2021, до 23.9.2020 година.** Со доставување на образецот потврдувате дека се согласувате вашата иницијатива да биде објавена на веб страницата www.nvosorabotka.gov.mk.

**Општи податоци за здружението / фондацијата**

Име на здружението/фондацијата: ПАБЛИК- Асоцијација за истражување, комуникации и развој

ЕМБС (матичен број на правниот субјект според податоците во Централен регистар): 5681626

Седиште и адреса (улица, број, општина): Орце Николов 93/5, 1000 Скопје

Застапник: Климентина Илијевски

Веб страница: www.public.org.mk

Електронска пошта (e-mail): klimentina@public.org.mk; info@public.org.mk

Телефонски број за контакт: +389 (0) 75 206 229

Лице за контакт: Александра Илоска

**Предлог- иницијатива**
**за годишна Програма за работа на Владата на Република Северна Македонија**
**за 2021 година**

**Наслов на иницијативата:** Унапредување на средината во кој се основаат и развиваат социјалните претпријатија во Република Северна Македонија

**Стратешки приоритет:** (придонес - поврзаност со определен стратешки приоритет на Владата на Република Северна Македонија): Трансформација на економијата (МК Рестарт) за забрзан раст и повисок стандард

**Приоритетна цел:** Вложуваме во граѓаните

**Приоритетна цел во согласност со програмата на Владата:** Закон за поддршка на социјално претприемништво, со фокус на младите и жените, и со отворање на три центри за поддршка на социјални претпријатија

**Образложение:** Во Република Северна Македонија, развојот на социјалните претпријатија е на самите почетоци. Истите скромно се појавуваат во рамките на дел од јавните политики, но политичкото препознавање на секторот е далеку од соодветно, стратешко и визионерско.

Владата, за прв пат во својата програма за работа (2017-2020) го воведе социјалното претприемаштво. Истата предвидува донесување на закон за СП преку кој ќе се олесни пристапот до пазарот на труд за социјално ранливи категории на граѓани. Во официјалните владини стратегии пак, концептот СП првпат е воведен во поопширни стратегии за соработка со граѓанскиот сектор (2012-2017) каде што е предвидена поопшта мерка за развој на поширок концепт: социјална економија. Мерката предвидува активности што експлицитно целат на граѓанските организации со економски активности. Истата визија е застапена и во рамките на тековната стартегија (2018-2020) каде социјалните претпријатија се гледаат како механизам за обезбедување на финансиска одржливост за граѓанскиот сектор.

И во новата програма на Владата, постои лимитирано гледање на социјалните претпријатија, каде како мерка е предвиден само Закон за поддршка на социјално претприемништво, со фокус на младите и жените, и со отворање на три центри за поддршка на социјални претпријатија.

Овие согледувања на социјалните претпријатија во земјава не се во согласност со пристапите промовирани од страна на меѓународната заедница се повеќе ја препознава потребата од преиспитување на пристапите кои се применуваат во развојот. Традиционалниот бизнис сектор го нема потребниот капацитет да ги превенира финансиските кризи, кризите со пристапот до храна, климатските промени, долгорочната сиромаштија и зголемувањето на нееднаквостите. Во контекст на Агендата за одржлив развој 2030, неопходно е да го негуваме развојот на социјалните претпријатија како ефективна алатка во трансформирањето на светот и економијата. Нив треба да ги гледаме како основа за локален развој кој ги регенерира и развива локалните области преку нови работни места, мобилизација на локални ресурси и капацитети, управување со ризиците и реинвестирање на остварените профити. Овие ентитети истовремено и ја прошируваат структурата на локалната економија и пазарот на труд, притоа адресирајќи ги незадоволените потреби за различни добра и услуги.

**НППА** (поврзаност со пристапни партнерства како и соодветна идентификација на поглавје и подрачје)

Социјалната економија претставува растечки тренд на територијата на Европската унија. Според последните статистики, на ниво на Европа мапирани се вкупно 2.8 милиони социјални претпријатија, кои придонесуваат со 8% кон европскиот БДП и обезбедуваат вработувања за 13.6 милиони лица, или вкупно 6% од вкупниот број на вработени. Европската комисија во документите за политики ги препознава социјалните претпријатија како водечки поттикнувачи на иновативен и долгорочен економски раст во Европа, кој е инклузивен и одржлив од аспект на заштита на животната средина.

Според последната официјална комуникација на европскиот и социјален комитет од 19.06.2019, дадени се следните предлози:

- Политичко препознавање на важноста на социјалните претпријатија во развојот на инклузивно и одржливо општетсво. Воведување на директива која ќе ги препознава социјалните претпријатија. Рамката треба да биде базирана на новиот концепт-лимитирана профитабилност;

- Развој на јасен акциски план за развојот на социјалните претпријатија, кој притоа ќе ги земе во предвид сите различни форми на социјални претпријатија кои оперираат во земјите членки.
- Европскиот столб на социјалните права не може да биде ефективен без учеството на социјалните претпријатија. Оттука, Комисијата треба да овозможи нивно целосно учество во економскиот и социјалниот развој на ЕУ.

**Во согласност со НПАА (2017-2019), развојот на социјалните претпријатија можат да придонесат кон остварување на следното:**

1) **Демократија и владеење на правото; Ц12- Унапредување на соработката помеѓу Владата и граѓанскиот сектор.**
   Новата стратегијата за соработка на Владата и развој на граѓански организаци предвидува мерки кои се однесуваат на развојот на граѓанскиот сектор во целина. Социјалните претпријатија ќе делуваат на следните мерки предвидени во Стратегијата на Владата: i) Стратегија за СП - Во ноември, 2018-та МТСП и го делегираше мандадот на „Паблик" да го води процесот на креирање на првата Национална стратегија за СП која се очекува да биде усвоена во декември 2019-та година; ii) Унапредување на соработката помеѓу СП и деловниот сектор. iii) Промовирање на државното финансирање на ГО; Новиот Закон за јавни набавки воведува резервирани набавки кои се наменети за ентитети кои треба да ги исполнуваат дефинирани критериуми (вклучување на вработените во одлучување, 30% од вработените да се од ранливи категории и да извршуваат дејности од социјала, здравство или екологија), што всушност претставуваат критериуми за идентификување на социјални претпријатија. Меѓутоа, за целосно да се искорити потенцијалот на новиот Закон за јавни набавки, неопходно е градење на капацитетите на јавните институции и локалната самоуправа.

2) **Поглавје Социјална политика и вработување; Ц18- поддршка за вработување на Роми и Ц13- Зајакнување на лицата со посебни потреби.**

Истражувањето, спроведено од Асоцијацијата за истражување, комуникации и развој „Паблик" потврдува дека постоечките социјални претпријатија во земјава имаат капацитет да обезбедуваат инклузивни работни места. Високи 70 проценти од истражуваните претпријатија обезбедуваат вработување или работен ангажман за ранливи категории граѓани (лица со ментални и со физички пречки, припадници на ЛГБТ заедницата, Роми, самохрани родители, жртви на семејно насилство и лица со психијатриски проблеми). Генерално, сите истражени ентитети промовираат разновидност во структурата на вработените и од аспект на етничка припадност и од аспект на образование. Во мешовитите етнички средини, структурата на вработени по националност е мешовита - Македонци, Албанци, Роми, Власи, но, сепак, доминира македонската националност.

**Образложение:** (Краток опис на иницијативата: причини за предлагање, предмет на уредување доколку се работи за закон или подзаконски акт и надлежен орган на државната управа)

За да се овозможи непречен развој на социјалните претпријатија во Република Северна Македонија, неопходно е да се воспостави овозможувачка средина која ќе го поттикнува нивниот раст и развој. Законската рамка е само една од компонентите од овозможувачката средина, меѓутоа не и најприоритетна, сообено во контекст во кој сѐ уште има недостиг од социјално претприемачка пракса, како што е случајот со земјава.

Додека во одредени земји воведувањето законска рамка овозможила драматичен пораст на бројот и на активностите на социјалните претпријатија, а во други, нејзиното влијание се покажало како релативно неефикасно и со негативни импликации. И извештајот на Европската комисија за екосистемите за социјални претпријатија во земјите на ЕУ укажува дека воведувањето несоодветна законска рамка, која е преземена од друг контекст и не е адаптирана на националниот контекст, влијае негативно врз порастот и развојот на секторот (DirectorateGeneral for Employment, Social Affairs and Inclusion, 2016, pp. 46-47). Искуствата укажуваат дека е важно нормативното уредување на секторот да не е круто, туку отворено и флексибилно со цел на социјалните претпријатија да им овозможи полесна адаптација на новите случувања во секторот.

Донесување законска рамка не е доволна самата по себе и без градење на другите сегменти од екосистемот не може да овозможи развој на социјалното претприемаштво во земјава. Законската рамка треба да биде поддржана од широк спектар стратегии, мерки, инструменти, кои преку кохерентен, интегриран и мултистејкхолдерски пристап ќе го поддржуваат развојот на социјалното претприемаштво.

Во Северна Македонија досега се спроведени две истражувања за оцена на капацитетите на постојните социјални претпријатија чии резултати потврдуваат дека СП во земјава се во раната фаза на развој, оперираат како микроентитети без или со неколку вработени, најголем дел се финансирани од странски донатори и се соочуваат со многубројни предизвици во обезбедувањето финансиска одржливост. Меѓу другото, имаат многу мали бизнис-капацитети, имаат предизвици во обезбедувањето пристап до пазари и немаат доволно капацитети за спроведување поголеми договори за јавни набавки. Развивањето вештини во однос на социјалното претприемаштво во моментов е проектно базирано и поддржано најчесто преку УСАИД и европските фондови, како претпристапните фондови на ИПА за граѓански организации од земјата и прекуграничните соработки на ИПА.

**Оттука, во наредниот период, неопходно е Владата да обезбеди поддршка за адресирање на следните клучни компоненти:**

1) Усвојување и целосна имплементација на предлог Националната стратегијата за социјалните претпријатија и акциониот план

Генерално, јавната политика што е спроведена досега во земјава е насочена кон делумно надминување на внатрешните слабости и бариери на постојните социјални претпријатија, а не кон развој на екосистем што ќе го поттикнува нивниот раст и развој.

Асоцијацијата „Паблик“ во изминатиот период во соработка со различни партнери и чинители работеше на градење на капацитетите на СП, обезбедување поддршка и советување за стартапи, ги спроведе првите две истражувања за СП и влијаеше врз јавните политики од областа. Во Октомври, 2018-та година МТСП на Асоцијацијата „Паблик“ додели мандат да ја преземе координацијата за развој на првата национална стратегија за социјални

претпријатија во Македонија. Креирањето на стратегијата се одвиваше во периодот од Ноември, 2018-та до Декември, 2019-та година. Во процесот на подготовка беа организирани 10 работни групи, беа одржани над 50 индивидуални состаноци и консултации и еден главен настан со присуство на над 60 засегнати страни.

3) Генерирање ново знаење преку истражување на капацитетите на социјалните претпријатија;

Не постои сеопфатно истражување за социјалните претпријатија во земјава. Досега се спроведени две истражувања, чијшто примарен фокус се граѓански организации со економски активности, притоа лимитирајќи го пристапот до знаење за кооперативите, земјоделските кооперативи, занаетите, коморите на занаети, давателите на услуги за социјална и за здравствена заштита, како и факторите во секторот за управување отпад, кои можат да се развиваат како социјални претпријатија.

1) Формирање на Совет за мониторинг на спроведувањето на Националната стратегија за СП;

Советот треба да претставува мулти-секторско тело кое преку одржување на квартални состаноци во континуитет ќе го мониторира спроведувањето на стратегијата за социјалните претпријатија, ќе се координира со имплементацијата со други стратегии и ќе дава препораки во дефинирањето на развојните политики во земјава.

2) Развој на социјални финансиски инструменти за поддршка на социјалните претпријатија

Развојот на социјалните претпријатија треба неопходно да го следат многубројни финансиски инструменти и поддршка, која првенствено треба да произлегува од јавните фондови на национално и на локално / регионално ниво. Разновидноста на финансиски и на даночни инструменти треба да биде усогласена и да опфати различни видови социјални претпријатија (правни ентитети) и различни видови активности (поддршка на ранливи групи лица, истражувања, мерење на влијанието, размена на добра практика). Поддршката од фондовите на ЕУ е важна, но земјите не треба да се потпираат само на овие средства. Важно е да се размислува за развојот во иднина што подразбира стратешки развој, избегнување проектноориентирани неодржливи инвестиции, поддршка на стартапи и социјални иновации со видлив потенцијал за развој.

Генерално, социјалните претпријатија во Македонија имаат лимитиран пристап до финансии. На крајот на 2017 година, во ревидираниот оперативен план за активните мерки за вработување се предвидени нови мерки, чијашто експлицитна цел се социјалните претпријатија. Според извештајот на Агенцијата за вработување, само четири социјални претпријатија ја искористиле мерката, при што се реализирани седум нови вработувања за ранливи категории граѓани. Корисниците на мерката сметаат дека таа е несоодветна, особено кога станува збор за помали социјални претпријатија, кои се соочуваат со проблеми во финансиската одржливост. На почетокот на 2018 година, во новиот оперативен план за активни мерки за вработување е воведена нова мерка, чијашто цел се социјалните претпријатија, и предвидува финансиска поддршка за нови вработувања. Во практика, социјалните претпријатија користат и други мерки, како, на пример, мерката самовработување, меѓутоа не е достапна точна статистика за нејзина искористеност од страна на СП. Покрај наведените активни мерки за вработување, социјалните претпријатија во земјава имаат пристап до капитал за основање и за развој само во рамките на поголеми

проекти поддржани од Европската комисија преку шемите за регрантирање, со износ од 3.000 до 6.000 евра.

4) Вмрежување, соработка и меѓусебно учење помеѓу социјалните претпријатија и останатите актери.

Вмрежувањето и постоењето механизми на поддршка на СП што се немонетарни се од големо значење за влијанието на СП во социјалната економија. Мрежите и други соодветни тела на национално и на локално ниво се надополнуваат во промовирање, застапување, истражување и во лобирање за поголема улога на СП во развојот. Немонентарни мерки на поддршка, како советодавни тела, настани за промоција и за размена на добра практика го поттикнуваат интерсекторското поврзување и го поттикнуваат и интересот на јавноста за СП. Интегрираниот пристап кон развој на социјалното претприемаштво наложува вклучување различни и многубројни актери, кои не се директни учесници во социјалната економија. Праксата од надвор покажува дека спојувањето со универзитетите ги засилило капацитетите на СП за мерење на општественото влијание, а вклучувањето соодветни предмети во образовните програми ги засилило мобилизацијата на волонтери и креативниот потенцијал за развојот на социјалното претприемаштво.

**Очекувани влијанија:** (Кои се очекуваните влијанија од предлог-иницијативата)

Целосната имплементација на Стратегијата за социјалните претпријатија ќе води кон развој и дефинирање на сите клучни компоненти од еко-системот во фунцкионираат социјалните претпријатија, подобра координација во донаторската поддршка за секторот и дефинирање на улогите и опсегот на одговорности на различните стејкхолдери. На долг рок тоа ќе води кон зголемување на бројот на одржливи социјални претпријатија, зајакнување на граѓанското општество, на социјалната инклузија во земјва, намалување на сиромаштијата и материјалната обесправеност, промовирање на инклузивни работни места и инклузивно претприемаштво. На долг рок, ефектитите од стратегијата ќе водат и кон одговорни и одржливи јавни набавки, кои ги земаат во предвид сите аспекти на одржливоста, со оосбен фокус на ефектите врз животната средина и влијание врз општетсвото. И на крај, на долг рок, преку развојот на социјалните претпријатија на локално ниво, стратегијата се очекува да има влијание врз рамноправниот регионален развој.

**Финансиски импликации:** (Дали предлог-иницијативата предизвикува финансиски импликации? Ако има, дали потребните средства се обезбедени и од кои извори?)

- Стратегијата за социјални претпријатија е финализирана со поддршка на донаторската заедница во земјава.
- Формирањето на Национален ресурсен центар за социјалните претпријатија и 7 локални структури за поддршка ќе бидат поддржани од страна на ИПА проектот за техничка помош на Министерството за труд и социјална политика, имплементиран од страна на ЕПТИСА
- Развојот на финасиските инструменти за поддршка на социјалните претпријатија се препорачува да биде покриен преку расположливите средста на Фондот за иновации и технолошки развој. На годишно ниво да се обезбедува старт-ап поддршка за 10 нови социјални претпријатија од 5.000 евра или 50.000 евра на годишно ниво во следните

три години, или вкупно 150.000 евра. Од исклучителна важност е на социјалните претприемачи да им се обезбеди индивидуална менторска програма со цел обезбедување долгорочна одржливост.

- Средбите на Советот за мониторинг се без финансиски импликации и во рамките на редовните активности на вработените.
- Функционирањето на Националната мрежа на социјални претпријатија ќе биде поддржано од страна на ИПА проектот за техничка помош на Министерството за труд и социјална политика, кој с еимплементира од страна на ЕПТИСА.

**Прилози** (со наведување на авторот на документот):

1) Одржливите практики на социјалните претпријатија: Климентина Илијевски и Александра Илоска (2019). Достапно на: http://public.org.mk/wp-content/uploads/2019/05/Prv-cekor-na-gradenje-odrzlivo-opstestvo_publikacija.pdf
2) Анализа на капацитетите на социјалните претпријатија во Република Северна Македонија: Климентина Илијевски и Александра Илоска (2019). Достапно на: http://public.org.mk/wp-content/uploads/2019/05/Prv-cekor-na-gradenje-odrzlivo-opstestvo_publikacija.pdf
3) Социјалните претпријатија во Европа и нивниот еко-систем. Студија на случај: Македонија: Климентина Илијевски и Александра Илоска (2018). Достапно на: http://public.org.mk/wp-content/uploads/2018/12/Social-enterprises-and-their-ecosystems-in-Europe.-Country-fiche.-Former-Yugoslav-Republic-of-Macedonia-1-1.pdf
4) Како да развиен еко-систем за социјални претпријатија: Илоска Александра и Климентина Илијевски (2018). Достапно на: http://public.org.mk/wp-content/uploads/2018/10/Dokument-na-politiki.pdf
5) Компаративна анализа: Еко-системи за развој на социјалните претпријатија: Климентина Илијевски, Александра Илоска и Катерина Мојанчевска (2018). Достапно на: http://public.org.mk/wp-content/uploads/2018/10/Komparativna-analiza_Ekosistemi-za-razvoj-na-sotsijalni-pretprijatija.pdf
6) Негување на социјалните претпријатија во рамките на активните мерки за вработување. Компаративна анализа Австрија и Македонија: Орсола Лелкес, Климентина Илијевски и Александра Илоска (2017). Достапно на: http://public.org.mk/wp-content/uploads/2019/09/Nurturing-social-enterprises-in-active-labour-market-policies-framework-for-inclusive-local-growth-in-Macedonia.pdf
7) Социјалните претпријатија можност за работна интеграција на ранливи групи: Климентина Илијевски и Никица Кусиникова (2016). Достапно на: http://public.org.mk/wp-content/uploads/2019/09/Sotsijalnite-pretprijatija-_-mozhnost-za-rabotna-integratsija-na-ranlivite-grupi.pdf

Потпис на застапникот

23.09.2020 година ---------------------------------

public
ПАБЛИК